Елица МАНЕВА

# ПРИЛОГ КОН РЕШАВАЊЕ НА УБИКАЦИЈАТА НА СРЕДНОВЕКОВНИОТ ГРАД БИТОЛА

Околу прашањето на убикацијата на средновековна Битола, доста се пишувало и истражувало во минатото[1], но за жал без задоволителни резултати. Овие испитувања се вршени, главно, од аспект на историјата[2], лингвистиката[3], археологијата[4], па и

1. Хаџи-Васиљевиќ смета дека средновековна Битола се наоѓала на истото место каде е и денес (Хаџи-Васиљевић Ј. Град Битољ, Београд 1911, 6). Мехмед Теуфик — бег кој изнесува интересни податоци за Битола покрај другото кажува дека градот во средновековието бил кај Крива Воденица на Кале—Баир, односно на ридовите северно од денешна Битола. (Мехмед Теуфик — бег, кратка историја на битолскиот вилает... Историски архив — Битола, 1347 Н (1911), 16—18). Робевиќ ја лоцира средновековната Битола кај Буковски гробишта, јужно од денешна Битола, односно непосредно до античка Хераклеја, поточно на нејзиниот поширок ареал. (Робевић К., Битољ као културно-просветно средиште у прошлости и сада, Историски архив — Битола, 3—4, ракопис).

Историскиот архив — Битола чува и други ракописи кои го обработуваат историјатот на Битола. За нив и за останатите трудови што се занимаваат со оваа проблематика види Кочанковски Д. Ј., Монографии за Битола, Научна мисла — Битола, 1980, 479—494.

2. Рачки Ф., Борба Јужних Словена за државну независност, Београд 1931, 55—56; Томоски Т., Градиштето на средновековна Пелагонија, Жива антика XVII, Скопје 1967, 241—246; Id., BUTELLA CIVITAS PELAGONIAE, Историја XVI (2), Скопје 1980, 17—21; Заимов Й. Битолски надпис на Иван Владислав самодржец български — старобългарски паметник от 1015—1016 година София 1970; Божилов И., Битолскиот надпис на цар Иван Владислав и некои въпроси, от средновековната бзлгарска история, ИП XXVII/1, София 1971, 84—100; Димовски — Цолев Ѓ., Средновековна местоположба и име на Битола, Научна мисла, Битола 1980, 543—558 етс.

3. Мошин В., Битољска плоча из 1017. године, Македонски јазик XVII, Скопје 1966, 51—61; I. Уште за Битолската плоча од 1017, Историја VII (2) Скопје 1971, 255—257; Конески Б., Името на градот Битола, Годишен зборник на Филоз. Факултет 23, Скопје 1971, 441—446; Коцо Д., Прилог кон проучувањата на Битолскиот натпис, I Конгерс на Сојузот на друштвата на историчарите на уметноста од СФРЈ, Скопје 1976, 59-60; В. Заимова, Иван Владислав и неговият надпис, София, 1970.

4. Филиповска Г., Србиновски П., Преглед на археолошките истражувања на средновековниот период во Битола 1978—1981 година, Зборник на трудови 2—3, Битола, 1980/ 1981, 111—121; Id. Резултати од истра-

етнографијата[5]. Иако тие сознанија често пати одат паралелно-издвоено и не се доволно надоврзани едни на други.

Приоѓајќи интердисциплинарно кон овој проблем се гледа дека за средновековниот град Битола, сепак, има доволен број сознанија кои се однесуваат на неговата местоположба, рангот, значењето и карактерот, како и за имињата под кои тој се среќава во историските извори и епиграфските споменици. Со сумирање може да се дојде до нова претпоставка за неговата убикација, имено дека утврдениот град Битола се формирал врз остатоците на античкиот град Хераклеја, што како можност се поткрепува и со најновите археолошки наоди од средновековието на овој простор[6].

Анализирајќи го податокот од изворите (Јован Скилица), според кој византискиот император Василиј II ги запалил дворците на Гаврил (Радомир) во Битола νέ βουτελίω[7], Т. Томоски заклучува дека неговите дворци „биле поставени, секако на рид и делумно биле изградени од дрвен материјал".[8]

Во Географијата на Идриси од средината на XII век, се вели дека Битола во секој поглед бил значаен град и со убава положба,[9] но за жал недостигаат поконкретни податоци.

---

жувањето на лок. „Кале" — Битола во 1978, Maced. Acta Archeol. 6, 1980 111—122: Id. Two medieval settlements in the Bitola area, Balcanoslavica 7, Prilep 1978, 113—120; Филиповски Г., Кепеска Л., Резултати од истражувањата во с. Раштани — Битолско, Maced. Acta archeol. 7—8, 1987, 195—204.

5. Во легендите што ги запишал М. Цепенков е забележано дека градот Битола бил сместен јужно од денешниот град (на еден саат одење и на половина час одење од Буково) на Бори—Кале (чие име само по себе е симптоматично) што е без сомнение истата положба која ја има и Хераклеја. Интересен е и податокот за начинот на борба на легендарниот Тољо кој бранејќи ја Битола од Турците поставил и штитии премачкани со „железна боја". Се чини дека искуството на примена на дрвени палисади, покрај ѕиданите бедеми, исто така било во употреба. Цепенков М., Македонски народни умотворби кн. 7, Преданија („Како презеле Турците Битола", и „Предание за градот Битола"), Скопје 1972, 119—121.

6. Манева Б., Средновековна некропола кај Базиликата Де во Хераклеја, Историја XXII (1), Скопје 1986, 169—199; Id., Средновековни наушници и обетки од Хераклеја, Зборник на трудови 9, Битола 1989 (во печат); Id., Средновековно огнило-секало од Хераклеја, Зборник на трудови 9, Битола 1989, (во печат).

7. Византиски извори за историју народа Југославије, том III, Посебна издања кн. 10, Београд 1966, 112 (натаму ВИ III).

8. Томоски Т., Butella, op. cit., 17, cf. n. 1.; И. Ј. Ферлуга коментирајќи го овој текст укажува дека при нападот бил изгорен дворецот на Гаврил Радомир, а градот се предал на крајот од војната. (ВИ III, 112, cf. n. 111). Ваквото мислење дека византиската војска ги запалила дворците на Гаврил Радомир, а градот не го зазела изнесува и В. Златарски. (Златарский В., История на Българската държава прѣзъ срѣднитѣ вѣкове I, 2, София 1927, 122.)

9. Недков Б., България и съседните и земи през XII век според Географията на Идриси, София 1960, 39.

Во текот на средновековието градот во изворите се рангира како civitas, но и како castrum[10].

Според старословенскиот натпис од времето на Јован Владислав вклесан на мермерната плоча што стоела на една од градските порти[11], „овој град беше направен за цврсто убежиште и за спас ...“[12] При тоа јасно се вели дека е тоа град, иако Б. Конески, како и Д. Коцо тоа го читаат во обликот: градъ съ Бытола, додека В. Мошин град на Светите Апостоли.[13]

Во секој случај, сигурно е постоењето на „тврд“ град за одбрана, подигнат на возвишение како што е вообичаено, без оглед на тоа каде се простирале останатите градски агломерации.

Евидентно е дека за време на самуиловите наследници градот има големо значење. Во таа смисла има и преіудицирани мислења. Така, според Б. Златарски, Гаврил Радомир се прогласил за цар во Битола, каде била и неговата резиденција, покрај престолнината во Охрид[14]. Ј. Заимов и В. Заимова пак, сметаат дека Битола била престолнина во времето на Јован Владислав. Според нив, тој во 1015 год. го пренел овде од Охрид седиштето на државата.[15]

Меѓутоа, далеку поизвесно е ако се каже дека во Битола, како, впрочем и во неколку други градови од ова време, се наоѓале дворци-резиденции, некој вид подвижни престолнини што како појава е забележана и во времето на Самуил.[16]

Анализирајќи го натписот од „Битолската плоча“ на Јован Владислав, В. Заимова дел од текстот го толкува со зборовите дека е „обновена таа крепост“ и дека тоа била голема тврдина што го носела името на градот. Таа, како и Ј. Заимов сметаат дека тие „обновителни работи“ на градот се од времето кога е поставена плочата, од 1015-1016 год.[17]

Можно е таа обнова да била во врска со нападот на Василиј II за времето на Гаврил Радомир, а во таа прилика изгледа страдале само неговите дворци, а градот не бил заземен.

В. Мошин кој детално ја проучил „Битолската плоча“, дел од текстот превел на следниот начин: „... Почнал да се гради овој град на Свети Апостоли во месец октомври 20, а се заврши во месец јуни 29 ...“[18] Се чини дека овој значаен укре-

---

10. Томоски Т., Butella, op. cit., 21, cf. n. 22—26.
11. Види напред бел. 2 и 3.
12. Мошин В., Уште за Битолската, op. cit., 255.
13. Конески Б., Името, op. cit., 443; Коцо Д., Прилог кон, op. cit. 59; Заимов Й., Битолски надпис, op. cit. 33, 88. etc. За разлика од нив Мошин во овој дел од текстот не го гледа зборот Битола. Мошин В., Уште за, op. cit. 255.
14. Златарский В., История, op. cit., 745.
15. Заимов Й., Битолски надпис, op. cit.; Заимова В., Иван Владислав, op cit., 109.
16. ВИ III, 122.
17. Заимова В., Иван Владислав, op. cit., 109, 110.
18. Мошин В., Уште за, op. cit., 255.

пен град, кој бил голем и лоциран на погодно стратешко место, за кусо време бил спремен за одбрана. Можно е сите овие податоци индиректно да сугерираат и за обнова на постара тврдина. Во секој случај, тешко може да се претпостави еден ваков град да се уништил, не оставајќи повидливи траги од себе.

И дискусиите околу имињата на градот, на свој начин можат да го покажат правецот на решавање на убикацијата на средновековниот град Битола.

Како што е познато, во средновековните пишувани извори овие имиња и епитети се движат на релацијата Битола — Пелагонија — Хераклеја, во различни форми и варијации при што има и случаи на недоречености околу името на провинцијата — односно градот.[19]

Б. Конески извршил анализа на потеклото на името Битола, при што смета дека тоа за прв пат во словенска верзија се среќава на „Битолската плоча“ од 1015—1016,[20] како и во повеќе соодветни грчки и латински верзии од XI и XII век. За релацијата, пак, со името Пелагонија и Пелагониска, досега нашироко се расправало во литературата.[21]

Византискиот писател Јован Киним од XII век (за кој инаку е познато дека, како и другите учени од неговото време, имал обичај да ги архаизира топонимите, имињата и сл.) пишува за Хераклеја мислејќи на средновековниот град[22], што не е податок на кој не треба да се обрне внимание. Во таа смисла е интересно и неговото образложение дека името Хераклеја во негово време се заменува со Пелагонија, при што тој не можел да објасни како дошло до тоа.[23]

За постоење на Ираклиска (Хераклејска) епископија од околу 1000. година, има потврда во делумно сочуваниот натпис од апсидата на црквата Св. Ахил на истоимениот остров во Преспа, каде стоеле имињата на епископските седишта под јурисдикција на самостојната црква од Самуилово време.[24] Ова надоврзување на античката традиција и во областа на црковната организација е позната и честа појава. Во голем број случаи тоа е формално преземање на постарата номенклатура, меѓутоа, не е исклучено таа обнова да опфаќа повеќе домени, па и обнова на градот каде било седиштето.

---

19. Томоски Т., Butella, op cit., 20, со наведена литература.
20. Конески Б., Името, op cit., 443.
21. Папазоглу Ф., Хераклеја и Пелагонија, Жива антика 4, Скопје 1954, 308—345 со цитирана опширна литература; Томоски Т. Градиштето, op cit., 241—246.
22. ВИ III, 47.
23. Томоски Т. Butella op cit., 20, cf. n., 19.
24. Сочуваниот дел од натписот гласи: ПППП Ивановъ И., Български старини изъ Македония, Второ допоълнено издание, София 1931, 57; Томоски Т., Преспа во средниот век, Историја XV (2), Скопје 1979, 68, Id., Butella, op cit., 20 cf. n., 20.

За опстојување на повеќе имиња на овој град во средновековието посредно зборува и текстот на Виљем Тирски во кој се вели дека тој како пратеник на Амалрих (владетел на Ерусалимското крстоносно кралство) во 1168 год. се сретнал со византискиот император „во провинцијата Пелагонија, во градот кој на обичниот јазик се нарекува Бутела“,[25] што ќе рече дека тој имал и друго име.

Етимолошката анализа на името Битола што ја извршил Б. Конески го довела до претпоставка дека во овој збор се крие илирски и трачки корен — Butel и словенски Bytо со иста сфера на значење: „дом“, „жилиште“ или „Μόνη“ на кој се надоврзуваат и подоцнежните облици на имиња на градот како Μοναστήρι и Обитѣль. Меѓутоа според него облиците βοντέλςι βοντέλιον, Бътолѧ повеќе се врзува со значењето „жилишта“, „куќишта“, а можеби и „урнатини“ при што тој помислува и на близината на Хераклеја[26] што според нас е драгоцена помош за решавање на овој проблем.

Археолошките истражувања што ги презеде Заводот за заштита на спомениците на културата и Музејот од Битола (Г. Филиповска со соработници) на поширокиот простор на Битола и околината со цел да се убицира средновековниот град, дадоа мошне интересни резултати,[27] но одговорот за неговата убикација се чини остана отворена. Сметам дека овие ископувања беа дотолку позначајни што ја расчистија дилемата за постоење на

---

25. Томоски Т., Butella, op cit., 21, cf. n., 22.

26. Конески Б., Името, op. cit., 445, 446.

27. Користејќи се со некои месни преданија, интерпретирајќи податоци од делото на Мехмед Теуфик, со топографските и топонимиските податоци Заводот за заштита на спом. на културата и Музеј — Битола (Г. Филиповска — раководител и П. Србиновски) изврши сондирање на лок. „Кале“ што се наоѓа над месноста Бадем-Балари, односно Зелен баир. Локалитетот е сместен на рид висок 862, 80—894, 15 м. Во текот на 1978—1981 овде биле поставени десет сонди со кои се откриени остатоци од градежен материјал и керамички садови, како и темели од средновековна црква. Со тоа се потврди средновековната временска припадност на локалитетот, но не и неговиот карактер. Според истражувачите, на ова место нема ни постари материјали од VIII—IX век, ни помлади од XIV век. Тие истакнуваат дека до колку е ова средновековна населба нејзина некропола би била онаа кај с. Раштани на лок. „Стари гробои“. Резултатите од ископувањата на оваа некропола, како и оние од лок. „Кале“ се чини дека не се во склад со податоците за средновековна Битола (значење, ранг, изглед) што ги добиваме од историските извори. Впрочем, авторите на овие ископувања оставаат место и за втора претпоставка која е секако поприфатлива, имено дека на наведениот локалитет е откриен манастир. Истата екипа изврши сондирања и во централниот дел на Битола околу Исак-џамија и Ајдар-кади џамија од кои, според нивните известувања произлегува дека градот во овој дел се проширил во турско време, со тоа што тие споменици, барем како покажува сеуште живата традиција биле подигнати врз постари христијански градби. Филиповска Г. Србиновски П., Преглед op. cit., 113, 114, 117—119, cf. n. 14; Id. Резултати, op. cit., 120, cf. n. 8; Димовски—Цолев Ѓ. Средновековната, op. cit., 547, cf. n. 22.

остатоци од значаен, средновековен, укрепен град на ареалот на денешна Битола со околните возвишенија, северно од неа.

Истовремено во периодот 1980—1985 во источниот дел на Хераклеја е откриена средновековна некропола од крајот на X и XI век лоцирана врз урнатините на гробишната базилика Де, со истодобната некропола од крајот на антиката.

Источно од некрополата се наидува и на населбински остатоци од доцното средновековие, но за жал оштетувањата што на овој простор ги направиле рововите од првата светска војна и нерегулираното корито на рекичката Сива Вода ги оневозможија понатамошните истражувања на теренот[28].

Набргу и меѓу студиските материјали од ископувањето во централните делови на Хераклеја, од истражувањата што ги вршела Г. Томашевиќ во подножјето на акрополата[29] беа идентификувани и други средновековни движни наоди (монети, накит, керамика, предмети за секојдневна употреба и сл.) Наведените наоди припаѓаат на широките временски рамки од крајот на X век до почетоците на турското владеење.[30]

Земајќи ги предвид овие показатели како заклучок се наметнува претпоставката дека средновековниот, укрепен град Битола се наоѓал на просторот на античка Хераклеја, веројатно на нејзиниот најдоминантен дел — акрополата[31]. Во прилог на ова толкување може да се наведат уште неколку моменти релевантни за оваа теза.

---

28. Манева Е., Средновековна, op cit., 169—199.

29. Г. Томашевиќ вршеше ископувања во Хераклеја од 1959 до 1974 год. на потезот Римски терми и Портик, Базилика А,В,С и Епископска палата, а северно од нив, на јужните падини на возвишението од 1968—1985 Т. Јанакиевски го ископувал Римскиот театар. М. Грбиќ во периодот 1936—1938 ископувал три инсули на градот: првата на акрополата (за жал резултатите не се доволно познати), во подножјето (каде продолжиле да ископуваат Г. Томашевиќ и Т. Јанакиевски) и на една од градските порти на југоисток. Грбић М. Откопавања у Хераклеји Линкестис, Уметнички преглед 11, Београд 1938, 351; Id., Откопавања у Хер. Линкестис, Ум. Преглед 8, Београд 1939, 231; Стричевиќ Ѓ., Археолошки ископувања во Хераклеја Линкестидска 1936—1938, Хераклеја I, Битола 1961, 35—43; Томашевић Г., Осврт на резултате истраживања у Хераклеји Линкестис од 1959—1974, Материјали XV, Прилеп 1976, 31—46; Јанакиевски Т., Хераклеја Линкестис, Театар, Битола 1987 etc.

30. Еден дел од овие предмети се публикувани, а дел накнадно ќе бидат објавени. Види напред забел. бр. 6.

31. Девастирањето на повеќе градови во Македонија меѓу кои и на античка Хераклеја Линкестис се доведува во врска со аваро-словенските операции на Балканот кон крајот на VI век. V. Popović, Aux origines de la slavisation des Balkans: La constitution des premières Sklavinies macédoniennes vers la fin du VIe siècle, Comptes rendus des Académie des Inscriptions et Bellelettres, Paris 1980, 240—243; Манева Е., Конески плочки од рефлексни лакови., Зборник на трудови 6—7—8, Битола 1985—1987, 49—59; Id., Неколку типови накит од крајот на антиката, Културно наследство XII—XIII, Скопје 1988, 45—59;, Id., Некропола од крајот на антиката од Хераклеја, Maced. Acta Apcheol. 10, Скопје 1989, etc.

Оддалеченоста на Хераклеја е 2,5 км јужно од денешниот центар на Битола што е незначително растојание. Постоењето на индустриски и рекреациони зони меѓу овие два пункта го камуфлирале овој проблем насочувајќи го вниманието во други правци. На сличен начин делувал и наодот на плочата со натпис на Јован Владислав откриена при рушењето на Сингур — Чауш — џамија (стара — џамија) во централниот дел на Битола, која била градена 1434 год. Меѓутоа, во врска со тоа треба да се спомене дека во турскиот период сè до минатиот век урнатините на Хераклеја служеле како мајдан за градежен материјал при што се носени и бројни остатоци кои се вградувале во градбите во Битола[32]. Впрочем, во оваа појава би можел да се бара terminus postquem non за тврдината, односно времето кога таа престанува да функционира. Со тоа се потврдуваат податоците дека таа страдала кон крај на XIV век со продор на Турците, кога била разорена[33].

Стратешката погодност на возвишението каде се простирал античкиот град Хераклеја, можноста за ефикасна одбрана и неговата истурена положба во Пелагонија како завршеток на планински огранок со што се контролираат широки простори, погодните климатско-вегетациски, почвени и хидролошки квалитети, секако биле непроменети и забележителни како во антиката така и во средновековието.

Познато е, исто така, дека античките комуникации биле актуелни и со средните векови[34], а via Egnatia на која се наоѓала Хераклеја не изгубила ништо од своето значење ни подоцна.

Археолошките траги на теренот се првите материјални докази за нашата претпоставка, меѓутоа само со ископување на возвишението — акрополата на Хераклеја попрецизно ќе се определат просторните, временските и другите особини на средновековниот укрепен град Битола.

Практичните, едноставни, брзи и ефикасни решенија што ги нудел теренот и изобилството градежен материјал присутен наоколу, биле причина за преземање на „обновителни работи“ на постарите тврдини што Византија често го практикувала. Тоа се гледа и од многубројните примери од тлото на Македонија, така што случајот со Битола не е исклучок, туку вообичаена појава, на која треба да се обрне поголемо внимание.

---

32. Еден голем натпис од Хераклеја во два фрагменти е вѕидан во тремот на црквата Св. Димитрија, подигната 1830, а антички сполии има и во саат-кулата и други јавни и сакрални градби на Битола. Папазоглу Ф., Хераклеја Линкестидска во светлината на книжевните и епиграфски тестови, Хераклеја I, Битола 1961, 13.

33. Цепенков М., Преданија, op., cit., 119—121 etc.

34. Шкриванић Г., Путеви у Средњовековној Србији, Београд 1974, 78.

Elica MANEVA

## A CONTRIBUTION TOWARDS SOLUTION OF LOCATION OF THE MEDIEVAL TOWN OF BITOLA

S u m m a r y

The question of location of the medieval town of Bitola up to now was solved with the methods of history, lingguistics, with ethnographic, topographic and other ways, as well as bu the aid of archeological excavations.

By consulting all these results, and especially with the archeological findings on the terrain — the medieval remains of the Heraclea Lynkestis area there is supposition that the medieval established town of Bitola, unlike the other town establishements, was located on the climb i.e. on the place of the antique acropolis.